З А П И С Н И К
од Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 октомври 2025 година

Скопје, октомври 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и осумнаесттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 октомври 2025 година

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Дерeбан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворшна трговија, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Беким Емини, државен правобранител на Република Северна Македонија и Александар Маринчевски, заменик на државниот правобранител на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 септември 2025 година

1. Конечнен извештај за извршена ИТ-ревизија како ревизија на усогласеност на тема „Усогласеност на процедури за безбедност на податоците од Централен регистар на население“

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

3. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2024 година

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1246/1)

5. Предлог–одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-448/1)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.130/25)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.141/25)

8. Предлог–одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр. 117/25)

9. Годишна сметка за 2024 година, Годишен извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, за 2024 година и финансиски извештаи за 2024 година, со Извештај на независниот ревизор, со дополнување и предлог-одлуки

10. Информација за изразен интерес од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за финансирање на проектот: Подобрување на искориствањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2-наводнување и фаза 3-производство на електрична енергија

11. Информација по Барање бр.03-4636/1 од 16.7.2025 година од Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови по основ на Пресуда I ТС-338/17 од 12.10.2017 година на Основниот суд Скопје 2, Скопје, правосилна на 7.11.2017 година и извршна на 16.11.2017 година

12. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година

13. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Стопанска банка АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот БНБ Енерџи ДОО Скопје, со текст на Директен договор

14. Информација во врска со Барањето за одобрување на Одлуката за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатие за нафтени цевоводи Солун-Скопје Вардакс АД – Подружница Вардакс - Скопје, со Предлог-одлука

15. Предлог на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија

16. Предлог на закон за изменување на Законот за гранична контрола

17. Информација за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за управување со системот за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, со Предлог-одлука

18. Информација за иницијативата за отпочнување на преговори за склучување на сеопфатен договор за економско партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Обединети Арапски Емирати

19. Информација за потпишување на Меморандум за економска соработка помеѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачка Република, со усогласен текст на Меморандум

20. Информација за програмата и приоритетите на претседателството на Кралството Данска со Советот на Европската Унија

21. Предлог-решение за назначување на копретседавач, членови и нивни заменици на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

22. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, во студиската учебна 2025/2026 година

23. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи

24. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти

25. Информација за потреба од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија

26. Информација по однос на обврските на Република Северна Македонија како земја потписничка на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација

27. Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

29. Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

30. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година

31. Иницијатива поднесена од Деспина Влаќеска од Струга, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 и член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/25)

32. Иницијатива од  Игорчо Точев од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.79/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 172 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25)

33. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.539, за КО Чаир, на КП бр.1313, викано место/улица „Дижонска“

34. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96122, за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев на КП бр.5433, викано место/улица „Радушка“

35. Кадровски прашања

36. Прашања и предлози

37. Извештај за работата на Управата за заштита на културното наследство за 2024 година

38. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2024 година

39. Годишен извештај за 2024 година за спроведување на Акцискиот план 2024-2025 година на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година

40. Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари - 30 јуни 2025 година

41. Информација за определување на надлежно министерство кое ќе ја исплати купопродажната вредност, зголемена со трошоците на надоместокот за уредување на градежното земјиште и евентуалните вложувања на поранешниот сопственик (03-973/1)

42. Информација за напредокот во спроведувањето на Реформата 4.1.7. од Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027: Распоредување на интелигентен транспортен систем ИТС (ITS) и е-Товар (e-Freight); Чекор: Усогласување со Регулативата (ЕУ) 2020/1056 за електронски информации за товарен транспорт (eFTI) (јуни 2026 година) и формирање на Национално координативно тело за воведување на електронски информациски систем за товарен транспорт (eFTI) во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

43. Информација за потребата од доставување на податоци по основ на Уредбата за управување со јавни инвестиции

44. Информација за постапување по заклучок од Нацрт – записникот од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година, во врска со потребата од итна санација на кровот на објектот на кеј „Димитар Влахов“ бр.19, Скопје, во кој се сместени Државниот архив на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија

45. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Лавинчеви“, Општина Гази Баба

46. Информација за доделување на финансиски средства на Јавната установа Национален парк Шар Планина и Јавната установа Национален парк Пелистер, со Предлог-одлука

47. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје

48. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година и Записникот од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 септември 2025 година

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ИТ-ревизија како ревизија на усогласеност на тема „Усогласеност на процедури за безбедност на податоците од Централен регистар на население“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за дигитална трансформација да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 2

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за спорт, во соработка со Министерството за внатрешни работи, во рок од 60 дена, да подготви и до Владата да достави информација во која ќе бидат содржани конкретни предлози и активности, кои треба да бидат преземени за надминување/постапување по препораките дадени во Ревизорскиот извештај, имајќи го предвид моменталниот статус на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

Точка 3

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

Исто така, да се имаат предвид укажувањата на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата, задолжен за политички систем, поврзани со работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, а кои се однесуваат на потребата:
-да се овозможат нови вработувања на државни правобранители и административен кадар;
-да се обезбеди соодветен деловен простор за подрачните единици;
-да се зголеми буџетот на институцијата, имајќи ја предвид директната финансиска корист од нејзината работа;
-да се поддржи дигитализацијата на архивата и предметите и
-да се поддржи иницијативата за донесување нов закон за Државното правобранителство.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за правда.

Точка 4

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1246/1), поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, предлагачот на порталот е-влада да го прикачи во целост Известувањето од Министерството за транспорт дека не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за недвижните ствари.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Предлог–одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-448/1), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријат за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.130/25).

Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.141/25).

Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр. 117/25).

Точка 9

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2024 година, Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, за 2024 година и финансиските извештаи за 2024 година, со Извештај на независниот ревизор, со дополнување и предлог-одлуки и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за изразен интерес од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за финансирање на проектот: Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2-наводнување и фаза 3-производство на електрична енергија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од три дена, да достави допис до Светска банка со кој ќе извести дека Светска банка е избрана да го финансира проектот: Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2 - наводнување и фаза 3 - производство на електрична енергија, со заем во износ од 103,2 милиони евра и да побара од Светска банка да започнат сите потребни активности за подготовка и финансирање на проектот,

вклучително и активностите за обезбедување на грант средства за техничка помош и инвестициски грант.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од три дена, да достави допис до Францускатa агенција за развој-АФД и Европската банка за обнова и развој-ЕБОР, со кој ќе изрази благодарност за изразениот интерес за финансирање и ќе извести дека Светска банка е избрана да го финансира проектот: Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2 - наводнување и фаза 3 - производство на електрична енергија, со заем во износ од 103,2 милиони евра.

Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата по Барање бр.03-4636/1 од 16.7.2025 година од Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови по основ на Пресуда I ТС-338/17 од 12.10.2017 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје, правосилна на 7.11.2017 година и извршна на 16.11.2017 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи спогодба за регулирање на начин на исплата на долг со Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје, со рок на враќање од 55 месечни рати, со грејс-период од шест месеци, во кој период не се пресметува и наплаќа камата, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.2.2026 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на денот на склучување на Спогодбата.

Точка 12

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да го воспостават/подобрат процесот на управување со ризици преку документирање на клучните ризици во регистар на ризици вклучително и различните форми на ризици од корупција, со утврдени мерки за нивно намалување и за истото, со доставување на целокупната документација за управување со ризици, да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 15.10.2025 година.

2. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да утврдат воспоставување на задолжителна работна задача и обврска поврзана со процесот на управување со ризици во актите за систематизација на работните места при следното носење на нови акти за систематизација, за категоријата на Раководни административни службеници и да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 31.12.2026 година.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за култура и туризам, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за јавна администрација и Министерството за спорт, до 30.4.2026 година да ги екипираат единиците за внатрешна ревизија со најмалку двајца вработени од кои минимум еден на работно место со

звање советник преку спроведување на постапка за вработување, мобилност, распоредување или преземање.

4. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, чиишто единици за внатрешна ревизија не се екипирани со минималниот број на вработени лица, согласно законски утврдените критериуми, до 30.9.2026 година, да преземат мерки за екипирање на единиците за внатрешна ревизија, согласно утврдените законски критериуми.

5. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, коишто се вклучени во приоритетните области од Реформската агенда од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан донесен од страна на Европската Унија, во континуитет да обезбедуваат спроведување на внатрешна ревизија на чекорите/активностите/процесите од Реформската агенда коишто се во нивна надлежност. Воедно, по барање на Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, задолжително да достават известување за спроведените ревизии.

6. Се задолжуваат сите јавни субјекти од Регистарот на јавни субјекти на Република Северна Македонија, објавен на веб-страницата на Министерството за финансии, коишто имаат вработено внатрешни ревизори, да обезбедат достапност на истите, согласно потребите од страна на Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, да бидат ангажирани во ад хок ревизии, за спроведување на внатрешна ревизија на приоритетните области од Реформската агенда од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан донесен од страна на Европската Унија.

7. Се задолжуваат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, да ја извести Владата со ,,Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2025 година“ за реализација на заклучоците од ,,Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година”.

<u>Точка 13</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Стопанска банка АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот БНБ Енерџи ДОО Скопје, со текст на Директен договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Директниот договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Стопанска банка АД Скопје во врска со финансирањето обезбедено од Стопанска банка АД Скопје според Договорот за долгорочен кредит којшто Стопанска банка АД Скопје го има склучено со Друштво за производство на електрична енергија БНБ Енерџи ДОО експорт-импорт, Скопје.

2. Го овласти министерот за енергетика, рударство и минерални суровини во име на Владата на Република Северна Македонија, да го склучи Директниот договор од точка 1 од овие заклучоци со Стопанска банка АД Скопје, во врска со финансирањето на малите хидроелектрични централи на концесионерот БНБ Енерџи ДОО Скопје.

<u>Точка 14</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Барањето за одобрување на Одлуката за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатие за нафтени цевоводи Солун-Скопје Вардакс АД – Подружница Вардакс - Скопје, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, како и да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

Точка 15

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за гранична контрола, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

Исто така, потребно е предлагачот да достави нова Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, во која ќе биде наведен датумот на кој истата е потпишана

Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за управување со системот за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба.

2. Се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација, Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за транспорт, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за спорт, Министерството за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, им се укажува на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија и Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, а се препорачува на Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров до Министерството за јавна администрација, во рок од 10 дена, да достават номинации на членови и заменици - членови на

Координативното тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за иницијативата за отпочнување на преговори за склучување на сеопфатен договор за економско партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Обединети Арапски Емирати и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија и труд, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за технички бариери во трговијата, работната група за трговија со услуги (во областа на труд, во делот на вработување и работа на странци и електронска трговија) и работната група за економска соработка (вклучувајќи го секторот за мали и средни претпријатија (МСП)) .

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за трговија со стоки, работната група за трговија со услуги (во областа на финансиски услуги), работната група за јавни набавки и работната група за царински постапки и олеснување на трговијата (во областа на укинување и/или намалување на царинските стапки).

3. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за трговија со стоки, работната група за правила за потекло и работната група за царински постапки и олеснување на трговијата (во областа на укинување и/или намалување на царинските стапки).

4. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство, во рок од седум дена, да достават номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за трговија со стоки, работната група за технички бариери во трговијата и работната група за санитарни и фитосанитарни мерки.

5. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за трговија со услуги (вклучувајќи ја дигиталната трговија).

6. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за трговија со услуги.

7. Се задолжуваат Министерството за култура и туризам и Државниот завод за индустриска сопственост, во рок од седум дена, да достават номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за интелектуална сопственост.

8. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од седум дена, да доставаат номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за олеснување на инвестиции.

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за трговија со стоки и работната група за трговија со услуги.

10. Се препорачува на Комисијата за заштита на конкуренцијата, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за конкуренција.

11. Се укажува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а за учество во работната група за олеснување на инвестиции.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за економска соработка помеѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачка Република, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за економска соработка помеѓу Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерство за економија на Словачка Република.

2. Се овластува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Меморандумот за економска соработка помеѓу Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерство за економија на Словачка Република.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на претседателството на Кралството Данска со Советот на Европската Унија, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Министерството за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

Точка 21

Владата го разгледа Предлог-решението за назначување на копретседавач, членови и нивни заменици на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и го донесе Решението со заклучок за заменик-член наместо претходно предложениот Башким Незири, раководител на одделение во Секторот за финансии во Министерството за животна средина и просторно планирање, да биде Недим Рама, шеф на кабинет во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на стручна студиска програма на втор циклус на

специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, во студиската учебна 2025/2026 година.

Точка 23

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи, за наредната седница на Владата.

Точка 24

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти, за наредната седница на Владата.

Точка 25

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потреба од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата по однос на обврските на Република Северна Македонија како земја потписничка на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да ја започне процедурата за издавање на креденцијал со кој ќе се пријави националната делегација на претстојниот КОП XI, најдоцна до 15.11.2025 година.

2. Се задолжува определената делегација која ќе учествува на Единаесеттата конференција на земјите - договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (РККТ) во Женева, од 17 до 22 ноември 2025 година, да ги застапува интересите на Република Северна Македонија.

Точка 27

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со оглед на тоа што во процес на подготовка е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, во кој е вклучен делот за вработувањето на здравствените работници, односно здравствените соработници, чија цел е сеопфатно регулирање на ова прашање, а со овој Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, само делумно се прави дополнување во постоечките одредби, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

Точка 28

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и условно утврди мислење, кое Министерството за здравство треба да го подготви во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и обединето да го достави до Владата.

Точка 29

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложениот Предлог на закон, преку интервенции во членовите 18, 116, 117-а, 120 123, 124, 129 и 174, дефинираното полно работно време се заменува, од постоечките 40 часа неделно на 30 часа, односно од осум часа дневно, на шест часа дневно. Аргументите за ваквите измени се дека шестчасовното работно време се повеќе станува тренд во Европа, дека истото не влијае на продуктивноста или истата ја зголемува и дека овозможува подобар баланс на приватниот и професионалниот живот на работниците.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) на работното време, како еден од основните услови на работниот однос, посветува посебна глава. Така, со членот 116 е уредено дека полното работно време не смее да биде подолго од 40 часа неделно, а работната недела по правило трае пет работни дена. Истиот член пропишува и дека со закон, односно со колективен договор може да се одреди како полно работно време и работното време кое е пократко од 40 часа неделно, меѓутоа не помалку од 36 часа неделно. Понатаму, со закон или други прописи во согласност со закон или со колективен договор може да се определи дека за работните места, кај кои постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, полното работно време може да трае помалку од 36 часа неделно. Притоа, секогаш кога полното работно време не е определено со закон или колективен договор, работното време од 40 часа неделно се смета како полно работно време.

Идејата за намалување на бројот на часови кои го сочинуваат работниот ден или работната недела е, неспорно, прогресивна и значи голем чекор напред кон подобрување на правата на работниците.

Меѓутоа, ако ваквото законско решение на развиените земји се примени во нашиот национален контекст, ќе предизвика повеќе проблеми отколку корист и за работниците и за работодавачите.

Имено, Република Северна Македонија има економија којашто се уште е во развој, технолошки недоволно развиена и со пониска продуктивност, а најголемиот процент на извозот е од компаниите кои се странски инвестиции. Во оваа смисла, намалувањето на работното време, од сегашните осум на шест часа, ќе придонесе за уште помала продуктивност или пак за потреба од дополнителни вработувања, што ќе ги зголеми трошоците за работна сила на работодавачите, особено кога целта е работниците и за пократкото работно време, да ја примаат истата плата. Со ова компаниите ќе станат помалку конкурентни на глобалниот пазар и ќе резултира со

заминување на странските инвеститори, а негативно ќе се одрази и на нашите компании кои се извозно ориентирани.

Понатаму, голем дел од економијата се темели на трговија, услужни дејности, јавна администрација, индустрија, односно сектори во кои работата не може да се компримира во шест часа, без тоа да има последици.

Дополнително, во услови кога државата се соочува со ограничен буџет и големи обврски кон пензиските и здравствениот систем, намалувањето на работното време ќе значи помалку придонеси и даноци и уште поголемо оптоварување на буџетот.

Наведените измени на Законот би претставувале краткотраен бенефит за работниците, но на подолг рок би биле неодржливи и би ја дестабилизирале и онака кревката економија на државата.

Не случајно осумчасовното работно време е стандард во најголемиот дел од државите. Тоа овозможува баланс помеѓу потребите на работниците и барањата на деловните процеси, овозможува доволно време за сработување на потребните задачи, одржување на оптимална продуктивност и ефикасност.

Во оваа смисла, пресликувањето на решенија од високоразвиени земји, како што се Шведска и Исланд, е практично неприменливо и тоа не само за нашата држава, туку и за многу други држави, со далеку поразвиени економии од нашата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење за Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група на пратеници.

<u>Точка 30</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 3/25), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година.

Во доставениот Годишен извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се резултатите од извршените ревизии и утврдените состојби кај субјектите кои биле предмет на ревизија, согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година.

Изминатата година, Државниот завод за ревизија во целост ја реализирал Годишната програма за работа за 2024 година, односно извршил вкупно 88 ревизии, од кои 72 ревизии на регуларност, 10 ревизии на успешност, 4 ИТ-ревизии и 2 ревизии на усогласеност. Со спроведените ревизии опфатени се вкупно 239 субјекти, констатирани се вкупно 1240 наоди детектирани со ревизиите и издадени се вкупно 882 препораки.

Согласно Извештајот, вкупно планираниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2024 година изнесувал 192,5 милиони денари, од кои 188,5 милиони денари или 97,95% се средства

обезбедени од основниот буџет на Сметката (637), 3 милиони денари или 1,56% се средства обезбедени од основниот буџет на Сметката (631), а останатите 950 илјади денари или 0,49% се средства обезбедени од Донаторската сметка (785). Во функција на остварување на своите надлежности и задачи, Државниот завод за ревизија од вкупно обезбедените средства на Сметката на основниот буџет (637), во текот на 2024 година реализирал средства во вкупен износ од 178,7 милиони денари или 93% по следните основи: за плати и надоместоци на вработените реализирани се 141,4 милиони денари (од планирани 151,1 милион денари) или 94%, за стоки и услуги реализирани се 28,3 милиони денари (од планирани 28,9 милиони денари) или 98%, за капитални инвестиции реализирани се 7,7 милиони денари (од планирани 7,8 милиони денари) или 99% и за трансфери и донации реализирани се 448 илјади денари или 70% (од планирани 637 илјади денари).

На Сметката на основен буџет (631) во извештајниот период нема реализација на средства, а Донаторската сметка (785) со средства обезбедени од донација на Европската организација на врховни ревизорски институции (EUROSAI) кон крајот на минатата година е затворена заради целосна имплементација на проектот.

Согласно член 38 став (5) од Законот за државната ревизија, составен дел на Годишниот извештај е Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи за донацијата од EUROSAI.

Ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија е извршена од страна на друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје. Според мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, како и финансиските извештаи за донаторската сметка-EURASAI ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија и законското користење на средствата во 2024 година.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија во рамки на своите надлежности нема забелешки по однос на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година.

<u>Точка 31</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Деспина Влаќеска од Струга, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 и член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/25) и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи ги предвид материјалните одредби од член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 87/25) со кои се врши бришење на член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), како и преодните одредби од член 25 од истиот закон со кои е предвидено дека „Започнатите постапки согласно со членот 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13,

27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон", наводите на предлагачот на Иницијативата се во поглед на извршена повреда на одредбите од член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, со кој потенцира на прекршување на начелото за забрана на ретроактивно важење на законите и констатира дека со оспорените одредби, воопшто не се врши прекршување на уставните одредби, како во поглед на правото на жалба така и во поглед на ретроактивна примена на оспорените одредби, бидејќи истите не се ретроактивни, а наспроти тоа се воспоставува правна сигурност и заштита на правата предвидени, согласно материјалните одредби од Законот за градење.

Имено, со одредбите од членот 9 и членот 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 87/25) се врши воспоставување на правна сигурност во поглед на остварување на правото на градење преку овозможување на соодветна реализација на урбанистичкото планирање, во постапките за издавање на одобренија за градење уредени, согласно материјалните одредби од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), како lex specialis, а од друга страна воопшто не се ограничува правото на жалба спрема барателот како странка во постапката заведена врз основа на соодветно поднесено барање (конкретно заштитено право во управна постапка предвидено, согласно материјалните одредби од Законот за општата управна постапка, а усогласено и со одредбите од член 10 од Законот за изменување и дополнување на законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 87/25), ниту пак се ускратува или на кој било начин се ограничува правото на секое заинтересирано физичко или правно лице (кое не е странка во постапката и нема статус на носител на правото на градење), да иницира постапка за спроведување на надзор над примена на одредбите од Законот за градење, како и да иницира постапка за инспекциски надзор пред стварно надлежен орган (овластен инспектор при општинско ниво или градежен инспектор при Државниот градежен инспекторат за градежништво и урбанизам), во поглед на правилно и законито изведување на градбите или пак да се изврши било каков увид во управната постапка по која било издадено одобрение за градење или извршено одбивање на барањето за издавање на одобрение за градење, како и остварување на правна заштита преку поведување на граѓанска постапка пред стварно надлежен суд и барање за донесување на времена мерка.

Исто така, во насока на оправданост на донесените одредби, а кои се предмет на оспорување со поднесената Иницијатива, е фактот што со истите воопшто не се ограничува ниту пак на кој било начин се влијае или ускратува правото на секое заинтересирано физичко или правно лице во постапката за донесување на урбанистички план, урбанистичко планска документација или урбанистичко-проектна документација (регулирани, согласно материјалните одредби од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), да извршат оспорување на определени предлог урбанистички решенија или предјавување на какво било барање за соодветно урбанистичко уредување на просторот за која била покрената инцијатива за урбанистичко уредување, а следствено на тоа по правосилно усвојување и донесување на урбанистички план, урбанистичко - планска документација или урбанистичко - проектна документација, ирелевантно е да се врши оспорување на урбанистичките решенија и правото на градење, преку поднесување на жалба во

постапките за издавање на одобренија за градење од страна на физички и правни лица кои не го поднеле барањето за издавање на одобрение за градење, а притоа повикувајќи се на примена на одредби од Законот за градење, без да се земе предвид дека веќе постои и останува да се применува правната заштита спрема секое физичко или правно лице од евентуална погрешна примена на материјалните одредби од Законот за градење, преку примена на правото на надзор од една страна, како и правото на иницирање на инспекциски надзор од друга страна во случај да се врши изведување на градбата спротивно на издадените одобренија за градење.

Согласно горе наведеното, а во насока на правната издржаност на оспорените одредби, е околноста што истите се донесени врз основа на претходна анализа и сумирани податоци добиени од примената на одредбите кои се избришани со сега оспорените одредби (од кои податоци е изведен заклучок дека преку примената на избришаните одредби се овозможува нарушување на правната сигурност, неосновано одолговлекување на постапките и предизвикување на штети и штетни последици спрема лицата кои на законски и соодветен начин ги исполнувале условите за издавање на одобренија за градење), при што со сега оспорените одредби се овозможува воспоставување на системски пристап кон зајакнување на правната сигурност во остварување на правата за издавање на одобренија за градење, а преку тоа и заштитата на јавниот интерес во насока на реализација на просторот опфатен со урбанистичките планови (утврден во уредувањето и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувувањето на природните и културните вредности на просторот), од една страна, како и од друга страна избегнување на предизвикување на штети и штетни последици од неосновано оспорување на правото на градење и параметрите од урбанистичкото планирање во постапките за издавање на одобрение за градење, преку поднесување на жалби од страна на физички и правни лица кои немаат поднесено барање за издавање на одобренија за градење, додека давањето на законска можност, согласно одредбите од член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.87/25) за продолжување на постапките, согласно со одредбите од член 9 од истиот закон, е со цел паралелно овозможување на заштита на правото за издавање на одобренија за градење, се со цел спречување на неосновано и несоодветно одолговлекување на постапката за издавање на одобренија за градење.

Давањето на законска можност согласно одредбите од член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија", број 87/25) за продолжување на постапките, согласно со одредбите од член 9 од истиот закон, е со цел паралелно овозможување на заштита на правото за издавање на одобренија за градење, а со цел спречување на неосновано и несоодветно одолговлекување на постапката за издавање на одобрение за градење, при што Владата на Република Северна Македонија смета дека поднесената Иницијатива е неоснована и истата не треба да биде прифатена, поради што му предлага на Уставниот суд да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот.

<u>Точка 32</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од  Игорчо Точев од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.79/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 172 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25) и притоа го утврди следното мислење:

Надлежностите на Бирото за јавни набавки се утврдени во членот 45 став 1 од Законот за јавните набавки. Согласно со алинеја 2 од истиот, Бирото го следи и анализира спроведувањето на овој

закон и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот на јавните набавки и иницира промени за подобрување на системот на јавните набавки. Оваа надлежност се однесува на спроведувањето на правната рамка за јавни набавки и функционирањето на системот на јавните набавки во целина, во поглед на неговата ефикасност и исполнување на основните начела уредени во законот. Бирото тоа го прави преку бројните канали на комуникација со чинителите во системот, договорни органи и економски оператори, како и преку анализа на податоците што договорните органи го внесуваат во Електронскиот систем за јавни набавки. Бирото дава мислења за правилна примена на законот, изготвува прирачници и други помошни алатки што ги прави достапни на неговата веб-страница, дава предлози за подобрување на ефикасноста на системот преку неговите годишни извештаи и слично. Оваа законска надлежност не треба да се меша со контролната надлежност што ја остварува Бирото преку административната проверка. Тоа јасно произлегува од фактот што надлежноста за вршење административна проверка е уредена во одделна алинеја 6 во истиот член.

Видно од доставената Иницијатива за оценување на уставноста на членот 172 став 1 од Законот, подносителот го прави токму тоа, односно ја поистоветува административната проверка со надлежноста за следење и анализирање на спроведувањето на овој закон и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот на јавните набавки и иницира промени за подобрување на системот на јавните набавки, иако станува збор за две одделни надлежности, уредени во две различни законски одредби.

Притоа, подносителот неосновано се повикува на европските директиви за јавни набавки. Имено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/25) не се врши усогласување на Законот со релевантните европски директиви, но е во насока на укажувањата на Европската комисија од Извештајот од спроведен скрининг за Кластер 1, во кој, меѓу другото, наведува дека „Внатрешните контроли во рамки на договорните органи треба да се зајакнат како прва линија на одбрана во однос на контрола на постапките (види мерки од Поглавје 32), дозволувајќи му на Бирото за јавни набавки да се фокусира на неговите суштински задачи за управување со политиката за јавни набавки, поддршка и мониторинг на функционирањето на целокупниот систем за јавни набавки. Се советува на Бирото за јавни набавки да го преиспита значењето и ефективноста на ex-ante управната контрола. Потребно е да се минимизира административното оптоварување и да се избегне одолговлекување на постапките за јавни набавки, а воедно да се зајакнат аспектите на учење, насочување и поддршка од управната контрола".

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста како неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

Точка 33

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.539, за КО Чаир, на КП бр.1313, викано место/улица „Дижонска" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Точка 34

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96122, за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев на КП бр.5433, викано

место/улица „Радушка“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 35

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 36

1. Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Владина делегација, во состав:

- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и
- м-р Ане Лашковска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање,
да положи свежо цвеќе на следните локации во Прилеп - споменикот на Методија Андонов - Ченто, споменикот на Кузман Јосифовски - Питу, споменикот Жена борец и Могилата на непобедените, со почеток од 10 часот.

2) Се определува Владина делегација, во состав:

- Игор Филков, министер за правда,
- м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација,
да положи свежо цвеќе на локацијата „Партизански гробишта“ во Бутел - Скопје, со почеток од 9 часот.

3) Се определува Владина делегација, во состав:

- Горан Минчев, министер за јавна администрација,
- Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и
- д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања,
да положи свежо цвеќе на локацијата Спомен - костурница во Куманово, со почеток од 10 часот.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за делегациите за сите настани во сите градови, како и превоз на делегациите и културно - уметничките работници до местото каде ќе се одбележува настанот.

5) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и фанфаристи и во координација со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да се договорат за обезбедување материјално - технички средства потребни за церемонија на положување свежо цвеќе.

6) Се задолжува Министерството за одбрана да го организира одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание во Скопје, положување на свежо цвеќе на локацијата „Партизански гробишта“ во Бутел – Скопје.

7) Се задолжува Министерство за здравство, преку единиците на Итната помош да обезбеди присуство на амбулантни возила и медицински лица во Прилеп.

8) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија - Скопје, на 11 октомври 2025 година, да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, од трите локации, Прилеп, Скопје и Куманово, според саатници според сценариото кое ќе им биде доставено од соодветните кабинети.

9) Се препорачува на Општина Прилеп да обезбеди присуство на возило за противпожарна заштита на локацијата на која ќе се чествува Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

10) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата, на сите локации на кои ќе се чествува празникот.

11) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Сектор за протокол и односи со јавност, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма до гостите и врз основа на потврдените покани да изготви скица за настанот во Прилеп и распоред за седење.

12) Се задолжува Националната установа Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп да ја отстапи салата за организација на свечена академија по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

13) Се задолжува Националната установа Оркестар за џез - музика да ја подготви свечената програма за организација на свечената академија во Прилеп.

14) Се задолжува Националната установа Оркестар за џез - музика да нарача два нови аранжмани за македонски дела, како и финансиски да ги покријат трошоците за водителите на настанот.

15) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз на уметниците од Националната установа Оркестар за џез - музика до местото каде се одбележува настанот во Прилеп.

16) Се задолжува Директоратот за протокол при Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, протоколарно да го организира присуството на дипломатскиот кор на положувањето на свежо цвеќе, на локациите на кои ќе се положи, како и на свечената академија во Прилеп.

17) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави техничка опрема, стази, знамиња, озвучување на бина, брендирање на бина, говорница, по повод одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, за што ќе добијат технички спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

19) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и туризам и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покријат трошоците за активностите, секоја институција во својот дел, поврзани со одбележувањето на Државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание.

2. Владата во врска со доставените информации со кои се предлага, рокот за почеток со комерцијална работа да се продолжи врз основа на утврден застој, кога концесионерот не може да ги обезбеди потребните дозволи и се друго кое е услов за почеток на градењето, односно комерцијална работа, под услов застојот да не е предизвикан по вина на концесионерот, кои се доставуваат до Владата и по истекот на рокот за почеток со комерцијална работа определен во склучените анекси, за што Владата има донесено заклучоци со кои се одобрува предложениот застој и го задолжува министерството да склучи нови анекси на договорите за концесија за продолжување на рокот, а со цел во иднина роковите за почеток со комерцијална работа да бидат навремено продолжени, односно пред истекот на важноста на склучените анекси, имајќи ги предвид кратките рокови за постапување, го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви и до Владата да достави информација во редовна владина постапка, со предлог за надминување на ова прашање.

<u>Точка 37</u>

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управата за заштита на културното наследство за 2024 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 38</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2024 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 39</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2024 година за спроведување на Акцискиот план 2024-2025 година на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 40</u>

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 41</u>

Владата ја разгледа Информацијата за определување на надлежно министерство кое ќе ја исплати купопродажната вредност, зголемена со трошоците на надоместокот за уредување на градежното земјиште и евентуалните вложувања на поранешниот сопственик (03-973/1) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Центар, во рок од 7 дена, сите предмети по кои се склучени правни дела за земјиштето опфатено во безбедносната зона опфатено во безбедносната зона

определена, согласно одредбите од Законот за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/25), да бидат доставени до Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

2. Се препорачува на Општина Центар и Градот Скопје, во рок од 7 дена, да достават податоци за уплатените средства по основ трошоци за надоместокот за уредување на земјиште, опфатено во безбедносната зона, согласно одредбите од Законот за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/25), до Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија врз основа на прибавена потребна документација веднаш да започне постапка, а согласно законските одредби од член 10 став (5) од Законот за прогласување на просторот околу Собранието на Република Северна Македонија за безбедносна зона („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/25) да спроведе постапка за утврдување на висината на средствата коишто треба да бидат обезбедени и вратени на поранешните сопственици.

4. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во соработка со Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на утврдена вредност на средствата коишто треба да се вратат на поранешните сопственици, да поднесе барање до Министерството за финансии за обезбедување и враќање на средствата на поранешните сопственици.

5. Се задолжува Министерството за финансии да постапи по барањето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на тој начин што ќе изврши обезбедување и враќање на средствата на поранешните сопственици.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, се иззема од расправата и одлучувањето по однос на овој материјал.

Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведувањето на Реформата 4.1.7. од Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027: Распоредување на интелигентен транспортен систем ИТС (ITS) и е-Товар (e-Freight); Чекор: Усогласување со Регулативата (ЕУ) 2020/1056 за електронски информации за товарен транспорт (eFTI) (јуни 2026 година) и формирање на Национално координативно тело за воведување на електронски информациски систем за товарен транспорт (eFTI) во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за формирање на Национално координативно тело за воведување на електронски информациски систем за товарен транспорт (eFTI) во Република Северна Македонија.

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доставување на податоци по основ на Уредбата за управување со јавни инвестиции и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници од Листата дадена во Прилог 1, до Министерството за финансии да достават пополнети обрасци на Извештај за следење на проект за јавна инвестиција за вториот квартал од 2025 година, за сите тековни проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност, во рок од пет работни дена.

Извештаите за следење на проектите за третиот квартал од 2025 година да се достават до Министерството за финансии најдоцна до 15 октомври 2025 година.

2. Се укажува на јавните субјекти кои не се буџетски корисници од Листата дадена во Прилог 1, до Министерството за финансии да достават пополнети обрасци на Извештај за следење на проект за јавна инвестиција за вториот квартал од 2025 година, за сите тековни проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност, во рок од пет работни дена.

Извештаите за следење на проектите за третиот квартал од 2025 година да се достават до Министерството за финансии најдоцна до 15 октомври 2025 година.

3. Се задолжуваат буџетските корисници од Листата дадена во Прилог 1, до Министерството за финансии да достават пополнети обрасци за концепт на проект за сите нови предлог-проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност, во рок од пет работни дена.

4. Се укажува на јавните субјекти кои не се буџетски корисници од Листата дадена во Прилог 1, до Министерството за финансии да достават пополнети обрасци за концепт на проект за сите нови предлог проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност, во рок од пет работни дена.

Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по заклучок од Нацрт – записникот од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година, во врска со потребата од итна санација на кровот на објектот на кеј „Димитар Влахов“ бр.19, Скопје, во кој се сместени Државниот архив на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија, ја усвои и му укажа на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рок од 10 дена, да изврши комплетен увид на објектот во кој се сместени Државниот архив на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија, да изготви нов стручен наод со стручно мислење за фактичката состојба на објектот и истиот да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

Точка 45

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Лавинчеви“, Општина Гази Баба и ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Лавинчеви“, Општина Гази Баба, со заклучок, текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на финасисики средства на Јавната установа Национален парк Шар Планина и Јавната установа Национален парк Пелистер, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја разгледа Предлог - одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија-Министерство за животна средина и просторно планирање за 2025 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги уплати средствата на сметките на Јавната установа Национален парк Шар Планина и Јавната установа Национален парк Пелистер.

3. Се задолжуваат Јавната установа Национален парк Шар Планина и Јавната установа Национален парк Пелистер да ги користат средствата исклучиво за намената за којашто се доделени.

4. Се задолжуваат Јавната установа Национален парк Шар Планина и Јавната установа Национален парк Пелистер, до јуни 2026 година, да достават извештај за искористеноста на средствата до Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата.

Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје до 15.2.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Еко тера ДОО Скопје, дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа, како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.353 Зрновска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Еко тера ДОО Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.353 Зрновска Река најмалку до 15.3.2026 година.

Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 14.12.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 104 Габровска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 104 Габровска Река, најмалку до 14.1.2026 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.